АПЕЛАЦИОНЕН СУД
СКОПЈЕ
Примено: 04.04.2024
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| Су- | 93/24 | | |


# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Со оваа изјава за приватност се објаснува видот на лични податоци што Апелациониот суд Скопје како контролор на лични податоци ги обработува преку системот за видео надзор, како и начинот и целите за кои се користат овие податоци.

Изјавата за приватност при вршење на видео надзор е составен дел од Политиката на приватност на Апелационен суд Скопје.

1. Зошто ги обработуваме вашите лични податоци?

Апелациониот суд Скопје ги обработува вашите лични податоци преку системот за вршење на видео надзор за контрола над влегувањето и излегувањето во судските простории(само за безбедносни цели), односно за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и - да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените при работа. Системот за видео надзор не се користи за ниту една цел освен претходнонаведените. Видео камерите се поставени прецизно да го покриваат релевантниот простор кој се мониторира. Камерите имаат за цел да дадат преглед на она што се случува на одредени места, но не и да препознаваат лица (во смисол на автоматско препознавање на идентитет на физичко лице врз основа на видео снимката). Камерите за видеонадзорот се инсталирани на определени локации и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат кон судските простории. Видео надзорот не се врши во салите за состаноци, судниците и канцелариите на вработените. Системот за видеонадзор не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага). Начинот на вршење на видео надзорот е подетално регулиран со интерен акт на судот - Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Апелационен суд Скопје, кој е изработен врз основа на Законот за заштита на личните податоци и релевантните подзаконски акти донесени врз основа на овој Закон.

2. Кој е одговорен за обработка на податоците?

Апелациониот суд Скопје е контролор кој ја врши обработката на лични податоци и кој ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Нино Јаневски и Александар Костески како вработени лица во судот се Офицери за заштита на лични податоци и лица за контакт за прашања поврзани со заштитата на личните податоци и видеонадзорот

3. Кој може да ги види вашите лични податоци ?

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор. Овластени лица за вршење на видео надзор се припадниците на судската полиција како вработени лица во судот. Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на одговорното лице во Контролорот. Снимките направени преку системот за вршење на видео надзор може де се дадат на користење на надлежните институции само во случаи утврдени со закон.

4. Какви податоци се обработуваат?

Апелациониот суд Скопје врши обработка само на визуелни снимки на физички лица (ликот и физичкиот изглед на вработените и останатите лица кои се затекнати во судските простории каде се врши видео надзорот). Не се врши тонско снимање.

5. Кој е правниот основ за вршење на видео надзор?

Апелациониот суд Скопје користи видео опрема за обезбедување:

- заштита на животот или здравјето на луѓето,
- заштита на сопственоста,
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата и
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од судските простории само за безбедносни цели.

Следствено, обработката е законита согласно член 90 од Законот за заштита на лични податоци. Покрај тоа, на влезовите во судот има видливо и јасно истакнато известување за видеонадзорот кое им овозможува на субјектите на личните податоци да се запознаат со вршењето на видеонадзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видеонадзорот и за начинот на кој може да се добијат дополнителни информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од видеонадзорот.

6. Како да ги остварите вашите права како субјекти на лични податоци?

На секое целосно и соодветно поднесено Барање, Апелациониот суд Скопје ќе одговори откако ќе го потврди идентитетот на Барателот и ќе ги има сите неопходни информации да го процесуира барањето, но не подолго од 30 дена од денот на поднесувањето (освен во исклучителни посложени ситуации за што дополнително Барателот ќе биде известен). Барањето за остварување права на субјект на лични податоци можете да го поднесете на адреса „Булевар Крсте Петков Мисирков 1, Скопје 1000 " со назнака „за Офицер за заштита на лични податоци" или да го пополните Барањето, и да го испратите електронски, на е-адресата info@asskopje.mk. Дополнително, Барањето може да го поднесете и телефонски 02/3292-455 при што ќе се верификува Вашиот идентитет и Барањето ќе биде препратено до Офицерите за заштита на лични податоци.

7. Можам ли да пристапам до моите податоци?

Да, вие имате право на пристап односно право да добиете потврда дали Апелациониот суд ги обработува вашите лични податоци преку системот на видеонадзор.

8. Можам ли да ги менувам моите податоци?

Не е возможно ниту дозволено изменување на видео запис од видеонадзорот.

9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?

Вие имате право да побарате ограничување на обработката на Вашите лични податоци во секое време на начин опишан во прашање бр.6 погоре, во случај да ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско и вие се спротиставувате на бришење на податоците.

10. Дали можам да ги избришам моите податоци?

Вие имате право да побарате бришење на Вашите лични податоци во секое време со испраќање на Барање на начин опишан под прашање бр.6 погоре, кога обработката е незаконска.

11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?

Вашите лични податоци, односно снимките од видеонадзорот, се чуваат од страна на Апелациониот суд во својство на контролор и истите не се споделуваат на други физички/приватни лица, освен ако не дадете изречна Ваша согласност. Личните податоци обработени преку системот за видео надзор се даваат на корисници за конкретен случај, кога е применливо, врз основа на писмено барање, доколку истите се потребни за извршување на работи во рамките на со закон утврдени надлежности на корисникот односно доколку тој корисник согласно закон е овластен да ги обработува конкретните лични податоци.

12. Дали имам право на приговор?

Да, имате право на приговор и да се спротиставите на обработката во било кое време со испраќање на Барање на начин опишан под прашање бр.6 погоре, кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Апелациониот суд ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

13. Што можам да направам во случај на проблем?

Во случај на проблем, слободно можете да ја известите Апелациониот суд со испраќање на е-пошта до info@asskopje.mk и да побарате да преземеме некое дејствие. На секое целосно и соодветно поднесено Барање, Апелациониот суд ќе одговори откако ќе го

потврди идентитетот на Барателот и ќе ги има сите неопходни информации да го процесуира барањето, но не подолго од 30 дена од денот на поднесувањето (освен во исклучителни посложени ситуации за што дополнително Барателот ќе биде известен). Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на лични податоци (www.azlp.mk)

14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот на видеонадзор?

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Апелациониот суд.

15. Безбедност на личните податоци

Апелациониот суд е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите лични податоци во контролирана околина со ограничен пристап.

16. Колку долго се чуваат вашите лични податоци?

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат до исполнување на целта за кои се врши видео надзорот но не подолго од 30 дена. По истекот на овој рок снимките автоматски се бришат од системот на видео надзор. Снимките од видео надзорот може да се чуваат подолг временски период ако чувањето е согласно закон во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци, но не подолго од исполнувањето на целта. Исто така, снимките може да се чуваат подолг временски период кога тоа е потребно за остварување на легитимниот интерес на Апелациониот суд при водење на соодветни постапки согласно закон.